Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
САНДО МАСЕВ п.о.
Бр. 08-904/1
21.09.2026 год.
Струмица

# ООУ„САНДО МАСЕВ'' - СТРУМИЦА

# ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА СО УЧЕНИЦИТЕ ОД 3 ОДДЕЛЕНИЕ

**УЧЕБНА 2026/27 ГОДИНА**

**Врз основа на член 6 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта бр.12-10853/1 од 04.08.2025 година, како и годишната програма за работа на училиштето, Стручниот тим при ООУ,,Сандо Масев'' - Струмица, изготви**

## ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕДНОДНЕВНА НАСТАВНО- НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД 3 ОДДЕЛЕНИЕ ПРИ ООУ,,САНДО МАСЕВ'' - СТРУМИЦА ЗА УЧЕБНАТА 2026/27 ГОДИНА

**Време на реализација: април - мај 2026 година**

### ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ:

Со реализација на оваа наставна екскурзија, со општ воспитно - образовен карактер, цел на оваа екскурзија е учениците :

- да ги прошират сознанијата за сообраќајот и разновидните сообраќајни средства;
- да стекнуваат сознанија за правилата на културно однесување и да се потикнуваат за нивно почитување;
- да се потинат да манифестираат позитивни емоции;
- да развиваат позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;
- да развиваат интерес за природата и да градат еколошки навики;

| | |
|---|---|
| **ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ** | **Патни правци:**<br><br>Струмица - Радовиш - Штип - Велес - Скопје и обратно.<br><br>**Локации:**<br>- Аеродром Александар Велики,<br>- Скопско кале<br>- Стара чаршија |

| | |
|---|---|
| **СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ** | ❖ Посета на аеродромот Александар Велики и набљудување на воздушниот сообраќај.<br>❖ Посета на локалитет од историско значење Скопско кале и старата скопска чаршија и запознавање на учениците со нивната историја и развивање позитивен однос кон националните, културните и естетски вредности |
| **цели** | ❖ да ги прошират сознанијата за сообраќајот и разновидните сообраќајни средства<br>❖ Учениците да се запознаат со културно - верските објекти<br>❖ Да воочат различни градби и култури, од историско значење<br>❖ да развиваат позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;<br>❖ да стекнуваат сознанија за правилата на културно однесување и да се потикнуваат за нивно почитување |

**ВРЕМЕ НА ИЗВЕДУВАЊЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ** - април /мај, во времетраење од еден ден

**ВКУПНО УЧЕНИЦИ ВО 3 то одд. -139**

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА**:
Спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзии и други слободни активности со објавување на оглас во најмалку два дневни весника, од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик. Формирање на Комисија за прибирање на понудите и спроведување на постапката.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**:
Финанасиски средства ке бидат обезбедени од родителите на учениците. Финансиските средства родителите ќе ги уплаќаат на сметка на избраната агенција за организирање на екскурзијата. Туристичката агенција ќе биде избрана од страна на комисијата по пропишаните критериуми за исполнетост на условите.

Стручен тим за подготовка на Програмата
за наставно - научна екскурзија за учениците
од 3 одделение од деветгодишно основно образование

1.Ксенија Граматикова _____
2.Ванеса Стојкова _____
3.Даниела Атанасова _____
4.Емилија Гоцевска _____
5.Аце Стојанов _____
6.Јелена Василева _____




Учебна 2026 - 2027 година
ООУ,,Сандо Масев"- Струмица